u53n7

НОВА МАКЕДОНИЈА , 21.4.1999, 18673, 11,

*ОСМАТА КОЛОНИЈА ЛЕСНОВО – ОД 12 ДО 22 ЈУЛИ*

# Во духот на лесновските градители

**В**о рамките на тековната организација на Ликовната колонија Лесново 1999, деновиве во Домот на културата Злетовски рудар во Пробиштип и во конаците на манастирот Св. Гаврил Лесновски се состана Советот на манифестацијата и притоа, за осмото издание на Лесновската колонија, предложи нова концепција. Во интерес на поширока и поизградена афирмација и презентација на богатството на лесновскиот фреско-живопис, од оваа година ќе биде акцентирана тематската ориентација на Колонијата за да се запази генезата во духот на лесновските градители. Има три варијанти на ориентацијата: во контекст на новата концепција предложено е навраќање на древната техника иконопис со можност за заживување на Лесново како центар за иконопис и живопис; поради афирмација на фреско-живописот да се воспостави копирање на фреско-оригиналите и репродуктивни техники и во интерес на понатамошното запазување на спонтаното доживување на уметниците-учесници потекнато од непосредната инспирација, да се негува современ сликарски израз преку индивидуална креативна интерпретација, но сепак блиска на архитектурата, архитектонската пластика, фреско и иконописот од манастирот.

**● За афирмација и презентација на богатството на лесновскиот фреско и иконопис, Советот на Колонијата изготви нова концепција. – Манастирот е место во кое живеат монаси и за него важат посебни правила на однесување – вели отец Иларион, игумен на Св. Гаврил Лесновски**

За учество на годинашната Колонија ќе се поканат околу десет ликовни уметници со кои веќе сме во преговори-вели Страшко Милошевски, директор на Домот на културата од Пробиштип, организатор на Колонијата Лесново. На досегашните седум колонии учествувaа околу 70 уметници кои зад себе оставија фонд од околу 160 ликовни дела. Овие дела се изнајмуваат во работни организации, за украсување на нивните простории, а тоа се колективи кои ја спонзорираат манифестацијата. Исто така, годинава, некаде во август или септември, се планира да се отвори Постојана галерија на Лесновската колонија, за што е предвиден простор во рамките на манастирот.

И тоа е еден подолготраен проект во кој свој придонес имаат Виолета Крстиќ, комесар на Колонијата, инаку директор на Домот на културата од Скопје и Александар Јанкулоски, стручен соработник на Колонијата, сликар од Скопје.

Сите идни учесници во Колонијата, но и сите посетители на Манастирот Св. Гаврил Лесновски, неговиот игумен отец Иларион, со братството, ги потсетува на светоста на местото во коешто живеат монаси и на редот и правилата кои важат во манастирот. Монахот е човек кој го напушта светот и вревата, се повлекува да живее во манастир во постојана заедница со Бога, предавајќи се на пост и молитва, па затоа во манастирот се разговара со потивок тон и не е дозволена викотница, особено за време на светите богослужби – вели тој. Понатаму, за непристојно облечени се сметаат мажи во куси панталони и разголени рамења, а жени-со куси панталони, здолништа, разголени гради и рамења. Не се дозволени музички инструменти, веселби и песни, но е дозволено користење вокмен за индивидуална употреба. Алкохол може во разумна мерка, во среда и петок исклучиво посни јадења, а месото во никој случај, освен надвор од манастирот. По 22 часот не е дозволена никаква врева и седенки.

С.Ѓ.